**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП I бр. 25-802
07 -02- 2019 .12.2018 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето од Друштвото за техничко испитување и анализа АВТОКОНТРОЛ ПЛУС ДООЕЛ Куманово УП I бр.25-802 од 11.12.2018 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА**

1. Се овластува Друштвото за техничко испитување и анализа АВТОКОНТРОЛ ПЛУС ДООЕЛ Куманово, за вршење на работи на техничка служба, на инспекциското место на ул. Козјачка бб. – Доброшане во Куманово за **Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T и R** согласно член 2 став 1 од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14 и 182/16); и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10);

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за техничко испитување и анализа АВТОКОНТРОЛ ПЛУС ДООЕЛ Куманово до Министерството за економија поднесе барање УП I бр.25-802 од 11.12.2018 година со кое бара овластување за техничка служба.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање, Предлогот за овластување од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-486/6 од 05.12.2018 година, Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр. ИТ-107 од 11.04.2018 година со важност до 10.04.2022 година и неговиот Прилог издаден на 11.04.2018 година од Институтот за акредитација на Република Македонија, изврши увид во доставената документација и одредбите од наведената законска регулатива во поднесеното барање, при што утврди дека Друштвото за техничко испитување и анализа АВТОКОНТРОЛ ПЛУС ДООЕЛ Куманово се овластува за техничка служба на инспекциското место на ул. Козјачка бб. – Доброшане во Куманово за **Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T и R** согласно член 2 став 1 од Правилникот за единечно одобрување на возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба, издаден од Органот за одобрување – Бирото за метрологија со бр. 1609-486/6 од 05.12.2018 година со Известување за вработените од Друштвото за техничко испитување и анализа АВТОКОНТРОЛ ПЛУС ДООЕЛ Куманово кои учествуваа во надзорното оценување за проширување на опсегот на регистрација бр.08-48/10 од 10.06.2018 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр. ИТ-107 од 11.04.2018 година со важност до 10.04.2022 година и неговиот Прилог издаден на 11.04.2018 година од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Доказ за тековната состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.0805-50/151020180002847 од 16.04.2018 година;

- Договор за закуп на деловен простор и опрема за инспекциското место на ул. Козјачка бб. – Доброшане во Куманово, заверен на нотар број УЗП 2105/2018 од 17.04.2018 година;

- Доказ за за техничка опременост- Извештај за извршена контрола на функционалност и исправност на контролните уреди и опрема бр.039/18 од 31.08.2018 година за инспекциско место на ул. Козјачка бб. – Доброшане во Куманово;

- Информација за економско финансиската состојба на субјектот број 0905-22/26 од 18.04.2018 година, издаден од Централен регистар на Република Македонија;

- Доказ за склучен договор за осигурување од општа одговорност кон трети лица со САВА ОСИГУРУВАЊЕ, полиса ОР -00574776 со важност до 21.11.2019 година;

- Доказ за вработени (копии од обрасците М1/М2) и доказ за стручно образование за инспекциското место на ул. Козјачка бб. – Доброшане во Куманово и тоа за:

1. Петар Арсиќ, дипл.маш.инж. насока – механизациони машини и возила;
2. Љубиша Крстевски, дипл.маш.инж насока – производно машинство; и
3. Оливер Николиќ, дипл.маш.инж насока – механизациони машини и возила;

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**МИНИСТЕР,**
Kreshnik Bekteshi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

Комисија во состав:
Нериман Целадини, претседател
Јане Шапардановски, зам. претседател
Пеце Андоноски, член
Марика Илијевска, член